**UDC 342.727(497.7)**

Biljana Karovska-Andonovska[1]

# MBROJTJA JURIDIKE E QASJES SË LIRË NË INFORMATAT ME KARAKTER PUBLIK NË REPUBLIKËN E MAQEDONISË

# ПРАВНА ЗАШТИТА НА СЛОБОДНИОТ ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# THE LEGAL PROTECTION OF THE FREE ACCESS TO PUBLIC INFORMATION IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

## ABSTRACT

The Law on Free Access to Public Information regulate all aspects of the implementation and legal protection of the constitutionally guaranteed right of citizens of the Republic of Macedonia - free access to information, freedom to receive and impart information.

This paper analyzes the Law on Free Access to Public Information with special emphasis on provisions that determine the legal protection of the access to information. Also, we analyzed the data contained in the annual reports of the Commission for Protection of the Right to Free Access to Public Information. These data are relevant indicators for the realization of the right in practice, for the transparency of the holders of public information and for the awareness among citizens to use their right to be properly informed.

**Keywords:** public information, legal protection

**Биљана Каровска-Андоновска**

## АПСТРАКТ

Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ги уреди сите аспекти на остварувањето и правната заштита на уставно гарантираното право за граѓаните на Република Македонија - слободниот пристап до информации, слободата на примање и пренесување на информации.

Во трудот е анализиран Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер со посебен акцент на одредбите со кои е уредена правната заштита на пристапот до информации. Анализирани се и дел од податоците содржани во годишните извештаи за работа на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. Овие податоци се релевантни показатели за остварување на правото во практиката, за транспарентноста на имателите на информации од јавен карактер и за свеста кај граѓаните за користење на нивното право да бидат соодветно информирани.

**Клучни зборови:** информации од јавен карактер, правна заштита

---

[1] PhD, Assistant Professor, FON University, Skopje, Macedonia

## ВОВЕД

Правото на пристап до информации од јавен карактер се однесува на пристап до широк спектар на информации кои ги генерираат државните институции и други субјекти кои извршуваат дејност од јавен интерес. Суштината на правото се заснова на принципот "јавноста има право да знае". Слободниот пристап до тие информации е предуслов за создавање на амбиент во кој органите со јавни овластувања нема да бидат бирократизирани и оттуѓени од граѓаните, напротив ќе комуницираат со нив активно и транспарентно. Гарантирањето на ова право и обезбедувањето услови за неговото создавање е нужен инструмент "принципот на владеење" во работата на државните органи и носителите на јавните овластувања да се замени со "принципот на добро управување".[2] Затоа, слободниот пристап до информации е услов за развој на демократијата во една држава. Имено, пристапот до информации е инструмент со кој граѓаните на демократски начин ги контролаат јавните институции, односно ја контролаат одговорноста и функционалноста на јавната администрација. Информираните граѓани можат да направат правилен избор на програмите и политиките кои имаат влијание врз нивните животи. Тоа несомнено придонесува за државните службеници да ја подобрат својата работа, да се коригираат и усовршуваат согласно со јавниот интерес и со потребите на граѓаните. Со тоа, на граѓаните им се овозможува директно да придонесуваат кон изградба на отворено, транспарентно и антикорупциско општество.

Правото на слободен пристап до информации во основа е гарантирано со фундаменталните меѓународни акти за правата на човекот и тоа во Универзалната декларација за правата на човекот и Меѓународниот пакт за граѓански и политички права на Организацијата на обединетите нации, Европската конвенција за човековите права и основни слободи на Советот на Европа, Повелбата за основните права на Европската унија. Европските стандарди во сферата на пристапот до информации од јавен карактер се поставени со Конвенцијата за пристап до јавни документи која Советот на Европа ја усвои во 2009 година. Со Конвенцијата беа потврдени и европските стандарди за сервисно ориентирана јавна администрација заснована врз принципите за отвореност и транспарентност, доверба, одговорност и ефикасност. На национално ниво, голем број европски држави, меѓу кои и Република Македонија, го регулираа правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со посебни закони со кои ги уредија и одделните аспекти од правната заштита на ова право.

## 1. ПРИСТАПОТ ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Со Уставот на Р. Македонија е гарантиран слободниот пристап до информациите, слободата на примање и пренесување на информации (член 16 од Уставот). Условите и постапката за пристап до информации се уредени со Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер (ЗСПИЈК).[3] Законот е донесен во 2006 година, со цел да го операционализира правото во практиката, преку:

1. Обезбедување јавност и отчетност во работењето на имателите на информации од јавен карактер;
2. Овозможување на физичките и правните лица слободно да го остваруваат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

ЗСПИЈК ги уреди сите аспекти на слободниот пристап до информациите. Со тоа, Законот претставуваше тест за остварување на уставно гарантираното право во практиката и можност за приближување на националното законодавство до европските стандарди за слободата на

[2] Пристапот до информации од јавен карактер е слободен, Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, 2009
[3] Објавен во Службен весник на Р. М. број 13/2006, 86/2008, 6/2010 и 42/2014

информирање. Од јавниот интерес за објавување на информации со кои располагаат органите со јавни овластувања произлегува законска обврска за нив да ги направат информациите достапни до јавноста.

Со ЗСПИЈК се уредени условите, начинот и постапката за остварување на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер. Во членот 3 ЗСПИЈК го утврди значењето на поимите имател на информација, информација од јавен карактер, барател на информација и документ. Имено, иматели на информации се органите на државната власт, единиците на локалната самоуправа, други органи, организации, установи, јавни служби, јавни претпријатија, правни и физички лица што вршат јавни овластувања. Информација од јавен карактер е информација во било која форма што ја создал и со која располага имателот на информацијата во согласност со неговите надлежности. Барател на информација е секое физичко и правно лице, без дискриминација по било кој основ. Документ е секој запис на информација. Документот може да биде составен во било каква физичка форма, односно може да биде пишан или печатен текст или да биде во форма на фотографии, слики, цртежи, шеми, скици. Информацијата може да е содржана во видеоснимки (звучни, гласовни, магнетски, електронски, оптички) или во пренослива опрема за автоматска обработка на податоци со вградени или преносливи меморији за складирање на податоците во дигитална форма. Во секој случај, документот треба да е составен во врска со прашање од делокругот на институцијата, односно да е во врска со нејзините политики, активности и одлуки. Притоа, пристапот до бараната информација е бесплатен што претставува можност за секој граѓанин да биде информиран без оглед на неговата имотна состојба.

Сите службени документи и информациите содржани во нив во принцип се јавни. Јавноста треба да има пристап до документи со кои располагаат органите со јавни овластувања на национално, регионално и локално ниво, како и до документи на законодавни тела и судски органи, но и на физички и правни лица доколку вршат административна функција. Пристапот до документите и до информациите може да се ограничи само кога тие се предмет на заштита на други права и легитимни интереси. Имено, ЗСПИЈК во член 6 утврдува исклучоци за пристап до информации:

- кои се класифицирани со соодветен степен на тајност;
- кои претставуваат лични податоци или доверливи податоци за архивското работење;
- чие давање би значело повреда на доверливоста на даночната постапка или кои се стекнати или составени за истрага, кривична или прекршочна постапка, како и за спроведување на управна или граѓанска постапка;
- информација за животната средина која не е достапна до јавноста заради заштита на здравјето на луѓето и животната средина;
- кои се однесуваат на комерцијални и други економски интереси, интереси на монетарната и фискалната политика, документи што се во постапка на подготвување, како и за информации кои ги загрозуваат правата од индустриска или интелектуална сопственост.

Овие информации стануваат достапни кога ќе престанат причините за нивната недостапност. Сепак, ЗСПИЈК остава можност за пристап и до овие информации доколку тоа е во полза на јавниот интерес, односно доколку во конкретниот случај ќе преовлада повисокиот општествен интерес за пристап до тие информации. Значи, пристапот треба да се дозволи тогаш кога ќе се утврди дека објавувањето на соодветната информација е од интерес за јавноста. Исто така, ЗСПИЈК дозволува пристап и кога документот или негов дел содржи информација која може да се одвои без притоа да се загрози неговата безбедност. Во овие случаи имателот на информацијата треба да го примени тнр. тест на јавен интерес. Овој тест се однесува, пред сé, на класифицираните документи и заштитените лични податоци. Тестот на јавен интерес се заснова на тоа дека секој случај е специфичен и мора да се разгледува во релација со сите специфичностите на конкретното барање за пристап до соодветниот документ. Тој би требало да се практикува

особено во случаите кога станува збор за прашање кое се однесува на поголем број физички или правни лица, како случаите кога постојат индиции за загадување на околината или опасност за општото здравје на луѓето, но и во случаите кога се трошат јавни средства или постои сомневање за корупција.

## 2. ПРЕДУСЛОВИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Имателите на информации од јавен карактер во Р. Македонија се утврдени во официјална листа која ја води и ажурира Комисија за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Согласно член 5 од ЗСПИЈК, Комисијата еднаш годишно (во средствата за јавно информирање, билтен, интернет страница) објавува листа на иматели. Во оваа листа моментално се запишани вкупно 1.274 иматели на информации од јавен карактер. ЗСПИЈК ги утврди следните обврски за овие иматели на информации од јавен карактер:

- да определат едно или повеќе службени лица заради остварување на правото за слободен пристап на граѓаните и правните лица до информациите и да ја информираат јавноста за службеното лице за посредување на информации;
- да обезбедат простории за увид во бараните информации и да им укажат помош на барателите при барањето на информацијата.

Притоа, ЗСПИЈК дозволува повеќе иматели на информации заедно да определат едно или повеќе службени лица за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации (член 8 став 4).

Службеното лице кое е овластено за посредување при остварување на слободниот пристап до информациите има обврска:

- да контактира со барателите на информации и да ги дава потребните информации;
- да им помага на барателите на информации;
- да води посебна евиденција за примени барања, како и евиденција за чувањето и давањето на информациите.

Информациите од јавен карактер треба да бидат достапни до граѓаните директно во електронска форма или преку соодветен регистар на документи. Имателите на информации се должни редовно да ја водат и ажурираат листата на информации со кои располагаат и истите да ги објавуваат на соодветен начин достапен за јавноста. Релевантни начини за информирање на јавноста се интернет страниците, огласни табли, и сл. Исто така, имателите на информации се должни да издаваат соопштенија до јавноста за работи преземени во согласност со нивните надлежности. Во таа насока, ЗСПИЈК утврди дека имателите на информации имаат обврска да ги информираат граѓаните за:

- основните податоци за контакт со имателот на информацијата;
- начинот на поднесување на барањето за пристап до информации;
- прописите кои се однесуваат на надлежноста на имателот на информацијата, како и законските и подзаконските акти релевантни за нивниот делокруг на работа;
- предлог програми, програми, стратегии, ставови, мислења, студии и други слични документи кои се однесуваат на нивната надлежност;
- статистички податоци и извештаи за нивната работа;
- сите повици во постапката за јавните набавки и тендерската документација;
- надлежностите, организацијата и трошоците на работењето;
- давањето услуги на граѓаните;
- издавањето на информативни билтени;
- други информации кои произлегуваат од нивната надлежност.

## 3. ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Освен информирање на пошироката јавност преку средствата за јавно информирање, граѓаните и правните лица можат да побараат пристап до информации од јавен карактер и со поднесување на конкретно барање. Барањата се доставуваат на образец кој го утврдува Комисија за слободен пристап до информации од јавен карактер или во друга форма. Барањата може да се поднесат и на рачно пополнет лист хартија. Во секој случај, барањата може да се поднесат писмено, усно или во форма на електронски запис. Покрај вообичените елементи на поднесок, во барањето треба да биде наведена информацијата со која барателот сака да се запознае и на каков начин сака да се запознае со содржината на бараната информација. Постапката во која се постапува по барањето е посебна управна постапка со свои специфичности уредени со одредбите на ЗСПИЈК. Постапката за пристап до информациите треба да биде едноставна, брза и бесплатна. Доколку барањето е непотполно, имателот на информацијата ќе побара од барателот истото да го дополни во рок од три дена од известувањето за потребата од дополнување. Барателот не е должен да го образложи своето барање, ниту да го докажува својот правен интерес за пристап до информацијата. Потребно е само да наведе дека се работи за барање за пристап до информации од јавен карактер (член 16 став 4 од ЗСПИЈК). Ова е исклучително важна одредба, бидејќи кореспондира со принципот "граѓанинот има право да знае", односно, дека граѓанинот едноставно има право на тоа, без да ги образложува причините или потребата да добие информација. По барањето за пристап треба да се постапува во разумен рок, вообичаено најмногу 30 работни дена од прием на истото. Овој рок може да биде продолжен, но најмногу до 40 дена, во случаи кога се работи за обемен документ или кога на имателот му е потребен подолг рок за да овозможи пристап до истиот.

Доколку на барањето одговори позитивно, имателот на информацијата веднаш, а најдоцна во рок од десет дена од денот на поднесувањето треба да му овозможи на барателот пристап до информацијата. И доколку барањето е поднесено усно, тогаш имателот на информацијата е должен на барателот да му овозможи пристап до информацијатаи за тоа да состави службена белешка (член 13 од ЗСПИЈК).

Барателот го остварува правото на пристап до информации преку увид во документот, со давање на препис или фотокопија од докуметот или преку соодветен електронски запис. Доколку пристапот се остварува преку увид во соодветен документ, тогаш имателот на информацијата треба да му овозможи на барателот доволно време за увид и за запознавање со содржината на бараната информација.

Ако барањето се однесува на информација за која претходно му бил на барателот овозможен пристап од кој не поминале повеќе од шест месеци, тогаш имателот нема обврска да одговара на барањето, односно со заклучок ќе ја прекине постапката (член 23 од ЗСПИЈК). Во случаите на позитивно одговорено барање, Законот предвидува две специфични ситуации и постапување во врска со истите:

1. Ако од добиената информација произлезе потреба од дополнителна информација поврзана со документите кои ги поседува имателот на информацијата - барателот треба да поднесе ново барање заедно со одговорот што го добил;
2. Ако дадената информација не е информацијата која била побарана - барателот може да бара од имателот на информацијата да му овозможи пристап до информацијата која тој ја навел во барањето. Пристапот до информацијата во овој случај треба да се овозможи најдоцна во рок од десет дена од доставување на повторното барање.

Во случај кога имателот на информации ќе го одбие барањето во целосно или делумно, треба да донесе решение во кое ќе ги образложи причините за одбивањето. Барањето се смета за одбиено и кога имателот нема да донесе соодветно решение, а во предвидениот рок не го овозможил пристапот до бараната информација. Секако, имателот ќе го одбие во целост или делумно барањето доколку се бара информација во однос на која ЗСПИЈК предвидува исклучоци од слободниот пристап до информации (утврдени во претходно елаборираниот член 6).

## 4. ПРАВНА ЗАШТИТА НА СЛОБОДНИОТ ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Согласно член 27 од ЗСПИЈК право на правна заштита има барателот кој поднел писмено барање за пристап до информација. Во однос на барањата кои нема да бидат одобрени или за кои имателот на информацијата нема да се произнесе во рок од 30 дена, односно 40 дена за случаи за кои е потребен подолг рок, барателот може да поднесе жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. Значи, жалба да Комисијата може да се поднесе против решение со кое имателот на информацијата:

- го одбил барањето;
- не донел и доставил решение по барањето за пристап до информации;
- кога на барателот не му е дозволен пристап до бараната информација во законски предвидениот рок.

По прием на жалбата, Комисијата веднаш истата ја доставува до првостепениот орган со барање тој орган во рок од три дена да се произнесе по жалбата. Првостепениот орган испитува дали поднесената жалба е навремена и допуштена, како и дали е поднесена од овластено лице. Доколку жалбата не е поднесена навремено или не е допуштена, како и доколку не е поднесена од овластено лице, тогаш првостепениот орган со решение ќе ја отфрли жалбата. Доколку жалбата е допуштена и е поднесена навремено од овластено лице, тогаш првостепениот орган утврдува дали жалбата е оправдана. Во овој случај, можни се две опции во постапувањето на првостениот орган:

1. Да донесе ново решение со кое ќе го замени оспореното решение - доколку утврди дека жалбата е оправдана, односно жалбените наводи се основани;
2. Да ја препрати жалбата и сите списи на предметот до Комисијата - доколку утврди дека жалбата не е оправдана, односно жалбените наводи не се основани.

Комисијата одлучува по жалбата во рок од 15 дена во постапка која се спроведува согласно одредбите од Законот за општа управна постапка. Комисијата може применета жалба да ја отфрли, да ја одбие, да ја уважи или да ја запре постапката по поднесената жалба. Имено, Комисијата може поднесената жалба:

- да ја отфрли од формални причини - ако е недопуштена, ако е изјавена од неовластено лице или ако е преуранета;
- да ја одбие како неоснована - ако имателот докаже дека постапил во согласност со ЗСПИЈК;
- да ја уважи како основана и да го задолжи имателот да ја даде бараната информација.

Освен тоа, Комисијата може да ја запре постапката со заклучок ако барателот се откаже или ја повлече жалбата, бидејќи во меѓувреме имателот му ја доставил бараната информација.

Против решението на Комисијата во врска со жалбата, како и доколку Комисијата не донесе решение по жалбата, односно ако не го донесе решението ниту во рок од седум дена по повтореното барање, барателот понатаму има право на судска заштита. Барателот има право да поведе управен спор пред управен суд. Тужбата за поведување управен спор се поднесува во рок од 30 дена од доставување на решението или заклучокот на Комисијата.

## 5. УЛОГАТА НА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер е независен државен орган со својство на правно лице. Нејзините надлежности се утврдени во ЗСПИЈК. Согласно извештаите за работа на Комисијата, од основањето во 2006 и заклучно со 2014 година, до Комисијата биле поднесени вкупно 4.958 жалби. Анализата на годишните извештаи за работа на Комисијата покажува варијации во бројот на поднесени жалби. Имено, во 2012 година Комисијата примила 1.225 жалби, што претставува значително поголем број споредено со

претходната 2011 година кога биле примени 409 жалби,[4] но и споредено со следната 2013 година кога до Комисијата биле поднесени само 564 жалби.[5] Интересно, бројот на поднесени жалби во 2014 повторно се зголемува и изнесува 849 жалби.[6] Ако на одделни варијации гледаме во позитивна смисла, тогаш зголемувањето на бројот на жалбите може да биде показател дека расте свеста на граѓаните и нивната информираност за механизмите преку кои можат да остварат пристап до информации. Од друга страна, намалувањето на жалбите во одредени години може да биде индикатор дека во иднина ќе може да се очекува поголема транспарентност на органите со јавни овластувања и поголема одговорност во врска со поднесените барања за слободен пристап до информации од делокругот на нивното администрирање. Меѓутоа, како основен проблем за остварување на правото во практиката во континуитет се провлекува молчењето на администрацијата. Имено, од вкупно поднесените жалби од основањето на Комисијата чиј број, како што е наведено претходно изнесува 4.958, дури 3.924 се однесуваат на молк на администрацијата. И во последните неколку години е задржан високиот процент на поднесени жалби до Комисијата поради молчење на администрацијата. Имено, од вкупно поднесените жалби во 2012, дури 74,04%, односно 907 жалби се однесуваат на молчење на администрацијата, во 2013 од 564-те поднесени жалби - 428 жалби се поради молчење на администрацијата, во 2014 од 849 поднесени жалби - дури 785 се поради молчење на имателите на информации, односно поради непостапувањето на имателите по барањата за пристап до информации во законски предвидениот рок. Овој факт упатува и на констатација дека сеуште изостанува чувството за одговорност на службените лица да подготват соодветено писмено известување во случај кога барањето за пристап до информација е одбиено. Исто така, од извештаите може да се забележи пораст на жалби кои се поднесени од граѓани како физички лица. Ова зборува за фактот дека граѓаните сѐ повеќе се свесни и се охрабруваат да го користат своето загарантирано право. Притоа, од вкупно поднесените жалби, поголемиот број жалби се изјавени против државни институции на централно ниво, судска власт, јавни здравствени установи, но и против институциите на локално ниво, општините, итн. Во континуитет, жалбите најчесто се однесуваат на неможноста да се оствари слободен пристап до различни видови на документи во кои се содржани информации од јавен карактер (одлуки, решенија, упатства, заклучоци, пресуди, договори за инвестиции во индустриска зона, итн.).

Податоците содржани во извештаите на Комисијата упатуваат и на тоа дека имателите на информации од јавен карактер не се доволно доследни во исполнување на обврската за доставување на годишни извештаи до Комисијата. Овие извештаи се релевантен инструмент преку кој се утврдува дали и колку барања се поднесени согласно ЗСПИЈК и како било постапено по нив. Имено, од утврдените иматели на информации од јавен карактер, најголем одзив во поднесување на извештаи е утврден кај државните институции, додека останатите заостануваат во исполнувањето на оваа обврска.

Сите наведени податоци укажуваат на потребата од преземање на понатамошни мерки кои ќе ја подигнат транспарентноста на органите со јавни овластувања, како и активности кои ќе придонесат за граѓаните да можат доследно да го остваруваат правото на пристап до информации. Од тој аспект, значајани се бесплатните обуки и стручната помош која ја дава Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер како на имателите, така и на барателите на информации. Перспективно гледано, предизвици на Комисијата се подигнување на свеста кај граѓаните за придобивките од користењето на Законот за слободен

---

[4] Извештај за работа на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, 2012 година, http://www.komspi.mk/

[5] Извештај за работа на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, 2013 година, http://www.komspi.mk/

[6] Извештај за работа на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, 2014 година, http://www.komspi.mk/

пристап до информациите од јавен карактер, промоција и дистрибуција на публикации наменети за граѓаните, тријазична веб страна во функција на поголема транспарентност и отчетност на Комисијата, активна партиципација во реализацијата на Акцискиот план за Отворено владино партнерство, зајакнување на соработката со организации и фондации од граѓанскиот сектор кои директно работат на имплементација на ЗСПИЈК, изработка на анализи за состојбата со слободниот пристап до информациите од јавен карактер со предлог мерки за подобрување на истата, итн.[7]

## ЗАКЛУЧОК

Иако, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер беше донесен релативно доцна, споредено со другите европски држави, сепак неговото донесување несомнено претставува потврда на заложбите за почитување на европските стандарди во Р. Македонија во однос на два поврзани сегменти:

- слободата на информирање и слободниот пристап до информации од јавен карактер, заснована врз принципот "јавноста има право да знае";
- јавната администрација која треба да биде сервисно ориентирана и да функционира согласно со принципите на отвореност, отчетност, доверба, одговорност, предвидливост и демократско учество на граѓаните во власта.

Правната заштита на слободниот пристап до информации е овозможена преку посебен независен државен орган - Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. Несомнено е дека начинот на кој практично се остварува пристапот до информации од јавен карактер е показател за мерење на нивото на демократичност во државата, но и за отвореност и одговорност на органите со јавни овластувања. Сепак неспорно е, исто така, дека покрај законската регулатива, за доследна примена и за ефикасно остварување на слободниот пристап, како и за обезбедување на транспарентна јавна администрација, потребни се и дополнителни напори кои треба да придонесат за:

- проактивна и транспарентна администрација во дисеминацијата на информациите од јавен карактер;
- подигнување на одговорноста кај носителите на јавни овластувања за обврската за почитување на ова право на граѓаните;
- подигнување на свеста кај граѓаните за нивното право на информираност.

Само со креирање на активна информативна политика ќе може да се надмине сеуште најголемиот проблем согледан во молчењето на администрацијата која согласно процентот на премолчени барања за пристап до информации, сеуште манифестира недоволното чувство за транспарентност и отвореност кон граѓаните.

## Библиографија


- Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Р. М. број13/2006 86/2008 и 6/2010)
- Давитковски, Б., Павловска-Данева, А., Коментар на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Фондација Отворено општество - Македонија, Скопје, 2011
- Пристапот до информации од јавен карактер е слободен, Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, 2009


---

[7] Од извештајот за работа на Комисијата за 2013 година, достапен на: http://www.komspi.mk/

- Извештај од анализата на законите и практиките за слободен пристап до информации во четиринаесет земји, “Отвореност и молчење“, Институт отворено општество, Про Медиа, Скопје, 2006
- Извештај за работа на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, 2012 година, http://www.komspi.mk/
- Извештај за работа на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, 2013 година, http://www.komspi.mk/
- Извештај за работа на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, 2014 година, http://www.komspi.mk/
- Castellano, P. S. & Ortiz, A. M., Legal framework for e-transparency and the right to public access in the EU, Simon-Castelano-Montero-Ortiz (3)
- Public Sector Information: A key resource for Europe, Green Paper on Public Sector Information in the Information Society, European Commission, COM (1998) 585, ftp://ftp.cordis.europa.eu/pub/econtent/docs/gp_en.pdf
- The Right to Access to Public Informationm, Monographic Report 2012, http://www.sindic.cat/site/unitFiles/3151/Report%20access%20to%20public%20information.pdf